РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ________________________, на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 30-тата седница одржана на 15.05.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител – ________________________, на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведена под број на предмет 12-2629/1 од 08.05.2019 година, во која се укажува на сомневање дека ________________________________ и поранешен ________________________________________________ поседува фирми во Република Бугарија, иако во свое јавно обраќање изјавил дека не поседува свои фирми во странство.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2629/1 од 08.05.2019 година.

Предметот со број 12-2629/1 од 08.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2629/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ________________________.

Во пријавата се укажува на сомневање дека ________________________________ и поранешен ________________________________________________ поседува фирми во Република Бугарија, иако во свое јавно обраќање изјавил дека не поседува свои фирми во странство.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и согласно своите законски надлежности изврши проверка на наводите од пријавата. Од прибраната документација,

може да се утврди дека во Р. Бугарија постојат отворени фирми чии сопственици се дел од семејството _____, но ниту една не е во сопственост на ________.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, а особено имајќи предвид дека не постојат правни пречки блиски лица на избрани и именувани лица да поседуваат имот во странство, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи за нејзино натамошно надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: Горан Трпеноски, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**